Врз основа на член 22 став 7 од Законот за Локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр 5/02 ), и Програма за активности во областа на спортот и младите во општина Битола за 2024 година („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 17/23 од 26.12.2023), Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за поддршка на спортски клубови и спортски здруженија во кои членуваат деца од ранливи категории

Предмет на Јавниот повик е финансиска поддршка на спортски клубови и спортски здруженија на територија на Општина Битола во кои членуваат деца од ранливи категории

Под поимот деца од ранливи категории се опфатени:

- Деца со попреченост,
- Деца од семејства корисници на ГМП.

Спортски клубови и спортски здруженија ќе бидат поддржани со средства од Буџетот на Општина Битола за 2024 година согласно Програмата за активности во областа на спортот и младите во општина Битола за 2024 година. За оваа активност во програмата има вкупно средства во износ од 200.000,00 МКД.

Евалуацијата ќе ја врши Комисија формирана од Градоначалник на Општина Битола која ќе изврши и распределба на средствата во зависност од бројот на пристигнати барања и број на деца кои членуваат во спортските клубови и здруженија.

За одобрените средства на секој клуб или здружение пресметани по дете по месец, ќе биде склучен договор помеѓу клубот/ здружението и Општина Битола врз чија основа средствата ќе бидат исплатени до крај на 2024 година по претходно донесен извештај за најмалку 50% присуство на детето на тренинзи и активности во тековниот месец. Повикот се однесува за деца кои веќе тренираат во клубот/ здружението односно за деца запишани до денот на објавување на јавниот повик..

Временскиот период за кој овој повик се однесува е Октомври – Декември 2024 година.

**Потребна документација за пријавување**

– Пополнет Образец за пријавување (достапен на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk).

– Тековна состојба од Централен регистар на РСМ (може и копија) не постара од 6 (шест) месеци за апликантот/ носителот на проектот.

– Кратка биографија од вклучени лица (тренери, помошен персонал) кои работат/ ќе работат со овие деца

– Копии од соодветна документација ( МКФ проценка/категоризација и решение за ГМП од соодветна институција) и изјава од родител врз кој основа детето е вклучено во една од ранливите категории,

– Договор / доказ за вклученост на детето во спортскиот клуб/ здружението.

*Напомена: за едно дете може да се побаруваат средства во само еден клуб.

Документацијата се доставува во архива или по пошта на адреса: Општина Битола, Сектор за економски развој, јавни дејности и ИТ; Булевар „1-ви Мај" бр.61; (со назнака – Пријава за јавен повик за поддршка на спортски клубови и спортски здруженија во кои членуваат деца од ранливи категории ) во рок од 10 работни дена од денот на објавување на овој повик заклучно со **15.10.2024**.

Пријавите доставени по е-маил нема да бидат разгледувани.

Пријавите со нецелосна документација нема да бидат разгледувани.

**Користење на доделените средства**

Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во договорот кој ќе биде склучен помеѓу спортскиот клуб/ здружението и Општина Битола.

Секторот за економски развој, јавни дејности и ИТ го следи наменското трошење на доделените средства.

Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на одлуката на Комисијата за евалуација..

Дополнителни информации или прашања може да се поставуваат на е-маил: alekstef2@gmail.com и телефон: 047-208-336

Бр.08-995/1
02.10.2024 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски